**Сојуз на извидници на Македонија**

## Извиднички одред “Димитар Влахов“

## Велес

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА
# ИО “ДИМИТАР ВЛАХОВ”- ВЕЛЕС за 2025






**www.scoutveles.org.mk**





**www.scoutveles.org.mk**
**Трајче Панов 22 – ПФ 85, 1400**
**Велес**
**тел: 070 265 250**
**e-mail: scoutveles@gmail.com**

**Велес, февруари 2026**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД “ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ОД ВЕЛЕС ЗА 2025**



Извидничката (скаутска) организација за прв пат се појавува во 1907 година на чело со својот основач Лордот Роберт Баден Пауел. Истата година Баден Пауел организира пробен логор во Браунсеа - Исланд за да ги проба своите идеи. Тој со себе земал 22 момчиња и тоа од познатите и приватните училишта. Од овие први чекор и кон извидништвото на Баден Пауел доаѓа до развивање на моќна организација која се проширила во 180 држави во све тот, а низ самата организација поминале 250 милиони активни извидници (скаути). Моменталната состојба во светот изнесува околу 28 милиони активни извидници (скаути) со 4,2% годишен прираст. Оваа организација (движење) како што кажал и самиот нејзин основач Баден Пауел можеме да ја споредиме само со основното образование (училиштето) бидејки основната ЦЕЛ на извидничкото движење е да се допринесе во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички , интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како членови на нивните локални и национални заедници, како и на меѓународната заедница. Целта на извидничкото движење се остварува преку заветот и законите, учењето низ работа, членството мали групи и користењето на прогресивно - стимулативните програм и кои се базирани на интересите на членовите, вклучувајќи ги и игрите, користењето на вештините и улогата на општествената заедница. Сојузот на извидници на Македонија работи според своите основни принципи кои се прифатени од Светската скаутска организација (WOSM) , а тоа се: -обврска кон самиот себе, одговорност за сопствениот развој; -обврска кон другите, лојалност кон својата земја заедно со промоција на локалниот, националниот и меѓународниот мир, разбирање и соработка. Учество во развојот на општеството со признавање и почитување на дигнитетот на другиот и интегритетот на природниот свет; - обврска кон духовниот развој, прифаќање на духовни принципи. Во далечната 1948 година со законот за пр едвојничка обука во склоп на Гимназијата "Кочо Рацин" во Велес започнуваат да се формираат п рвите одделенија кои што работат активности слични на нашите, извидничките. Тие одде ленија се до 1952 година работат како неформални групи за да некаде есента во учебната 1952/1953 година од тие одделенија на 8.9.1952 се формира извидничкиот одред "Димитар Влахов" Основач на одредот е Проф. Петар Петровски. Од самиот почеток започнуваат дасе формираат извиднички единици во сите основни училишта, а за поздравување било и формирањето на е диници во тогашните претпријатија Монопол и Механичка. Од 1957 година со учеството на II Смотра на извидници на Југославија, на Пале, одредот во континуитет зема учество на сит е републички и сојузни смотри. Во делот на ориентационите натпреварувања патроли од одредот земаат учество во Бечеј, Бања Лука, Смедерево, Белград, Коњиц, Сараево, Смедревска Паланка, Подгорица, Ниш, Младеновац, Алексинац, Нови Сад, Загреб, Љубљана иво сите градови во Република Македонија, а треба да се нагласи и првото место во 1972 година на Сљеме (кај Зграб) на Југословенскиот извиднички ориентационен натпревар. Во сите овие години одредот имаше и учество на меѓународни активности како што се: зимовања во Закопане - Полска, 18то Светско Џамбори во Холандија и Англија, 10от Светски Мут во Шведска, Инструкторска школа во Бохињ Словенија, потоа учеството на Џамбори на интернет - ЈОТИ, Првиот интернационале скаутски видео филм фестивал - 22 СВИФЕСТ во Ниш, Ликовната колинија на извидници сликари во Ковачица, учество на семинар во Кандерштег – Швајца рија, Будимпешта - Унгарија, Киев - Украина, Европската конференција во Прага - Чешка, Националното Џамбори во Германија, Ровервеј - Италија и прославата на 100 години посто ење на извидничкото движење во Светското во Англија во 2007 на 21 Светско Џамбори и друго. За посебни успеси во работата во 1971 година одредот е одликуван со "Златен јаворов лист со зраци". За успешно спроведување на програмата одредот многупати е одликуван со "Партизански одред", а на 45 годишнината од неговото постоење во 1998 година одредот го добива највисокот општинско признание - "9то Ноемвриска плакета". На 07.03.1998 година на Свечената седница на нашиот одред се изврши збратимување со ИО "Мија Станимировиќ" од Ниш со што се круниса нашето пријателство и успешна соработка.

# Благодарница за велешките извидници од ЗГ “Акцијаш – Ветерани“

На 19.12.2024 год. (четврток) во просториите на здружението на граѓани “Акцијаш-Ветерани“ Управниот одбор на здружението додели Благодарница на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес за поддршката која што нашиот одред ја даваше во реализацијата на голем број на активности на “Акцијаш-Ветерани“. Поаѓајки од фактот дека членството на “Акцијаш-Ветерани“ се луѓето кои припаѓаа на категоријата млади и младинската организација и во изминатите години беа вклучени во голем број на младински активности од типот на младински акции заеднички со извидничката организација ви Велес продолжуваме да го негуваме младинскит волонтеризам во локалната средина.





ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ
„АКЦИЈАШ-ВЕТЕРАНИ„
ВЕЛЕС

БЛАГОДАРНИЦА
на
Извиднички Одред
„Димитар Влахов" - Велес
За поддршка на активностите на здружението

Декември 2024г
Велес

Управен одбор

---

# Награда за учество и волонтирање во еко акцијата “Боренка“




На 21.12.2024 год. (сабота) во младинскиот центар Матично во Скопје, Сојуз на извидници на Македонија организираше волонтерска забава. На оваа манифестација беа доделени и плакети-благодарници за сите учесници кои во последните две години волонтерски се вложија во организација и реализација на еко акцијата “Боренка“.

Извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес во последните две години активно зема учество во организација на еколошката акција “Боренка“. На истата од нашиот одред учество земаа триесетина извидници. Исто така и нашиот одред беше оргагнизатор на една еко акција на пушумување која се одржа на терените на езерото “Младост“ во близината на Велес.

За целокупната активност во рамките на оваа еколошка акција началникот на извиднички одред “Димитар Влахов“, Иван Гушев се стекна со оваа Благодарница – плаакета.






## Велешките извидници учесници на централната прослава по повод 22 февруари

На 21.02.2025 год. (сабота) во Свети Николе се одржа Централната манифестација по повод денот на извидништвото – 22 февруари во организација на Сојузот на извидници на Македонија. На оваа манифестација учествуваа преку 500 извидници од категориите развигорци, извидници и истрачувачи од цела Македонија, односно од градовите Скопје, Куманово, Штип, Кочани, Прилеп, Битола, Кичево. Во рамките на програмскиот дел имаше голем број на активности, забавни игри, работилници. Од нашиот одред учествуваа 15 учесници под водство на началникот на нашиот Иван Гушев.







## Започнаа подготовките за јубилејната XXV Вардарска регата Гемиџии

На 1.2.2025 год. (сабота) претставници на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес, во состав Владимир Ивановски, Иван Гушев и Ангелче Гушев ги посетија извидниците во Солун каде што ги започнаа разговорите за реализација на јубилејната XXV Вардрската регата Гемиџии 2025.Оваа година повторно ќе се реализира од Велес и ќе заврши во Солун.Беше договорен и терминот за реализација на регатата која би требало да се одржи од 19 до 24 јуни оваа година. Во подготовките на Вардарската регата останува да се утврди и движењето по реката Вардар во Република Грција кое што веќе ни е познато и сите останати технички детали за истата. На XXV Вардарска регата Гемиџии 2025 година сакаме да дадеме и еколошки акцент и подигање на јавната свест за заштита на реката Вардар на територија на Република Македонија споредбено со заштитениот Вардар на територијата на Грција. Предложена е и заедничка манифестација помеѓу граѓаните на Велес и Солун по завршувањето на регатата. Домаќин на нашите пртеставници во Солун беше Василис Нтрианкос како еден од водечките лидери на солунските извидници. Средбата се одржа во поморската база на сискаутите на Солун “Николаос Принзиос“.










## Учество во емисијата ФЕР – ПЛЕЈ со Јана




На 11.2.2025 год. (вторник) во телевизијата Телма претставниците на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес, м-р Ангелче Гушев и Владимир Ивановски и главни организатори на Вардарската регата, земаа учество во емисијата ФЕР-ПЛЕЈ со Јана. Во споменатата емисија се разговараше за единствената регата во Република Македонија – Вардарската регата “Гемиџии“ за нејзината програма , за нејзиниот меѓународен карактер и за целокупните карактеристики на истата.

## Претставување на Радио Голди по повод Светскиот ден на извидништвото – 22 февруари

По повод Светскиот ден на извидништвото на локалното Голди радио во Велес, старешината на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес, м-р Ангелче Гушев на 24.2.2025 год. (понеделник) беше гостин во дневната програма. Во рамките на 40 минутниот разговор беше разговарано на следните теми:



– Вардарска регата Гемиџии 2025 Велес – Солун
-11 Средби на посатарите извидници на поранешна ЈУ во Мостар
-Посетата на Ротимља и положување на цвеќе на местотот каде што загина Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски со неговата државна делегација
– Активности организари со други одреди
– 22 Февруари – Светскиот ден на скуатизмот и учество на централната манифестација во Св. Николе
– Мегународни активности на одредот
– 39 Средби на извидници – Велес 2025 во септември оваа година
– Активности наменети за локална средина – Општина Велес и Општина Чашка
– Активности на вода и создавање на поречански патроли во рамките на одредот
– Проектни активности на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес со странски невладини организации
– Приоритети на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес
– Заинтересираноста на младите за извидништвото
– Ревитализација на Извидничкиот центар Голозинци и се што рапсолага овој центар
– Соработката со братскиот одред “Мија Станимировиќ“ од Ниш
– Понатамошни планирани активности на одредот и начини на зачленување во одредот.

Со учеството на старешината на одредот на оваа утринска програма слушателите на поварадрскиот регион имаа можност во целост да се запознаат со активностите на одредот како најстара младинска организација во Република Македонија.

## Единаесети сениорски средби на извидниците од југоисточна Европа



Во периодот од 21-23.2.2025 год. во близина на Мостар во месносноста Благај, се организираа единаесетите брѓански (сениорски) средби на извидниците од Западен Балкан на кој што домаќин беше Сојуз на извидници на Босна и Херцеговина. На овие средби учество земаа

делегации од извидничките сојузи на Хрватска, Македонија, Србија, Црна гора и Босна Херцеговина. На оваа тридневна средба за учесниците се оргагнизираа повеќе тематски панели на кој се разговарше за: создавање на заеднички тим за обука, извидничка лига и систем на заеднички проектни активности и размена на информации помеѓу националните сојузи. Имаше организирана посета на Мостар и нејзината стара чаршија и изворот на реката Буна.





Делегацијата на извиднички одред “Димитар Влахов“ од Велес ја сочинуваа Тони Јошевски, Владимир Ивановски, Ангелче и Жаклина Гушеви. Како најдобри начини на продолжување на соработката е креирање на заеднички проекти. Покрај ова имаше презентација на проекти на сојузите учесници , активностите на кампањата Боренка и др.

## Делегација на извидниците од Велес положија цвеќе на Ротимља





Делегација на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес, на 21.2.2025 год. (петок0 го посети местото Ротимља, во близина на Мостар каде што загина Претседателот Борис Трајковски и неговата државна делегација. На местото каде што беше авионската несреќа, а сега меморијален центар делегацијата на велешките извидници положи свежо цевеќе и оддаде почит на Претседателкот Борис Трајковски кои беше еден од големите поддржувачи на извидничката организација во Република Македонија. Делегацијата на одредот од Велес ја сочинуваа: Тони Јошевски, Владимир Ивановски, Жаклина и Ангелче Гушеви.









## Крводарителска акција по повод Светскиот ден на извидништвото



На 1.3.2025 год. (сабота) по повод Светскиот ден на извидништвото , извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес, организираше крводарителска акција. На неа се собраа 68 крвни единици. Истата се изведе во просториите на Младинскиот центар, лоцирани во Градската библиотека. Акцијата заеднички ја реализираа Општинската организација на Црвен крст, извидничкиот одред “Димитар Влахов“, Младинскиот Центар и Институтот за трансфузиона медицина од Скопје. Ова е трета акција на ИО Димитар Влахов, која се одржува по повод Светскиот ден на извидништвото. Во втората ланска акција беа собрани 46 крвни единици. Со оваа акција извидниците од Велес ја докажаа својата хуманост и направија добро дело.







## 27 години братско живеење

Пред дваесет и седум години, на 7 март во 1998 година на свечената Академија одржана во Големата сала на Општина Велес, а по повод 45 годишнината на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес се изврши збратимувањето на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ со извидничкиот одред “Мија Станимировиќ“ од Ниш – Република Србија.








ОДРЕД ИЗВИЂАЧА
"МИЈА СТАНИМИРОВИЋ"
НИШ
ЈУГОСЛАВИЈА

Scout Group
"Mija Stanimirović"
Niš
Yugoslavia

The act of
BROTHERHOOD
with the
Scout Group "Dimitar Vlahov"
Veles - Republic of Macedonia
was done in Veles on March 7th 1998.
The act bound us to further cooperation
in the field of upbringing and education
of young people in the sense of major
principals and methods of the Scout Movement.

ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
"ДИМИТАР ВЛАХОВ"
ВЕЛЕС
МАКЕДОНИЈА

Scout Group
"Dimitar Vlahov"
Veles
Macedonia

The act of
BROTHERHOOD
with the
Scout Group "Mija Stanimirović"
Niš - Federal Republic of Yugoslavia
was done in Veles on March 7th 1998.
The act bound us to further cooperation
in the field of upbringing and education
of young people in the sense of major
principals and methods of the Scout Movement.

СТАРЕШИНА
НАЧЕЛНИК

СТАРЕШИНА
НАЧАЛНИК

Во времето кога на овие простори дејствуваа деструктивни состојби и недоразбирања, нашите две извиднички единици се договорија да соработуваат и да работат на унапредувањето на извиднчкиот дух, љубовта кон природата и младинските активности. Како одреди и понатаму ги надминуваме временските, територијалните и јазични бариери и понатаму без резервно ги продлабочуваме извидничките активности, се со цел да го издигнеме на највисоко ниво извидничкото братство помеѓу нашите два града Велес и Ниш, нашите две држави Србија и Македонија. Со нашите активности во овие 27 години заеднички средби на извидници, школи за обука, смотри и останати заеднички одредски активности на братско живеење докажавме дека можеме да ги

воспитуваме младите на полето на образованието и воспитанието на младите во духот на основните принципи и методи на извидничкото движење.

## Функционирањето на младинскиот центар во Велес




На 11.3.2025 год. (ворник) во рамките на попладневната програма на МРТ – Програма на градовите, старешината на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес, м-р Ангелче Гушев ја престави работата на младинскиот центар кој е коалиционо формиран до страна на Фондацијата “Фокус“ и извидничкиот одред “Димитар Влахов“, а во соработка со поранешната Агенција за млади и спорт и Општина Велес. Центарот беше отворен во 2022 година на Меѓународниот ден на младите 12 август. Инаку Младинскиот центар е сервис на младите од Велес. Младите од Велес тука креативно творат, се надградуваат, се едуцираат, ги реализитраат своите предложени идеи. Организираат различен вид на хуманитарни, крводарителски акции и сл. Спојот помегу Младинскиот центар и Европската куќа многу повеќе се зголемија младинските активности во Велес.

## Редовно годишно изборно Собрание
## на извиднички одред “Димитар Влахов“



Со едно минутно молчење поради големата трагедија во Македонија на 16.03.2025 год. (сабота) во големата сала на во Домот на НВО во Велес се одржа редовното ИЗБОРНО годишно собрание на извиднички одред “Димитар Влахов“. На годишното изборно собрание беа разгледан и усвоен наративниот и финасискиот извештај за работата на одредот за периодот од 2024. Воедно на ова собрание се избра и Старешина на одредот, а тоа е м-р Ангелче Гушев и новото старешинство на одредот е во состав: Бојан Миклош, Благој Ѓорѓиев, Иван Гушев, Влатко Влахчев, Зоран Пановски и Александар Љутков. Додека пак за надзорен одбор на одредот беа избрани: Владимир Ивановски, Тони Јошевски и Благој Јорданов. Во рамките на ова изборно годишно собрание беа презентирани и тековните проекти и активности на одредот.





# Учество на Ровер Форум – Форум на млади брѓани 2025 во Хрватска




Началникот на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес, Иван Гушев, како дел од македонските преставници во периодот од 20.03 до 23.03.2025 година, во близина на градот Рјека, во местото Селце, учествуваше на Ровер Форум, на кој учествуваа извидници од Србија, Босна и Херцеговина, Словенија, Црна Гора, Хрватска и Македонија. Настанот беше од едукативно-забавен карактер и имаше за цел да ги поттикне учесниците на размена на искуства и знаења во различни области на извидничкиот живот. Агендата на форумот вклучуваше бројни сесии, на кои учесниците споделуваа добри практики и начини за успешно водење на одред, патрола, јато и други извиднички групи. Главната тема на настанот беше “Вештини за живот“, која го опфати широкиот спектар на вештини кои се важни за извидниците, како што се младински активизам, комуникациски вештини и организациски капацитети. Нашите учесници, имаа уникатна можност да ги прошируваат своите знаења во овие области. Ровер Форумот претставуваше важен настан за зајакнување на меѓународната соработка и размена на знаења, и беше уште еден доказ за посветеноста на извидниците да ги развиваат вештините за живот и да се поврзуваат со своите врсници од други земји.





## Сојузување 2025

Во периодот од 4 до 6.4.2025 год. во Извиднички Центар Охрид се организираше Сојузување 2025. Овој викенд наречен СОЈУЗУВАЊЕ е време за обнова, инспирација и соработка. Овој настан претставува значаен момент за Сојуз на извидници на Македонија, каде што се цели да се обединиме, вмрежиме како лидери и членови на локалните одреди, да споделиме искуства, позитивни практики, да ги разгледаме предизвиците и можностите на нашите одреди и да ги засилиме нашите врски преку подобра комуникација. Овој настан беше можност да се забележи



значењето на нашата колективна ангажираност кон извидничкото движење и да го подобриме потенцијалот на нашите одреди за понатамошен раст и развој. Цели и резултати од настанот:

– Јакнење на капацитетите: Стекнување знаења и вештини за подобрување на програмите и работата на извидничките одреди.

– Идентификација на јаките и слабите страни: Помагање на одредите во процесот на идентификација на нивните јаки и слаби страни за подобрување на нивната работа

– Споделување на добри практики: Размена на успешни практики меѓу одредите

– Идентификација на предизвиците со програмата: Детектирање предизвици и наоѓање нови начини за нивно надминување.



– Вмрежување: Вмрежување на клучни извидници од извидничките одреди за подобра соработка и размената на искуства. Од извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес учество земаа м-р Ангелче Гушев како старешина на одредот, потоа Владимир Ивановски како член на одредот, Иван Гушев како началник на одредот од Велес, Александар Вренцовски и Валентин јанкуловски како водачи на патрола.

## Редовно годишно собрание на СИМ



На 6.4.2025 год. (недела) во Извиднички центар Охрид во Охрид беше организирано редовното Годишно Собрание на СИМ. Се работеше по следниот дневен ред за работата на собранието:



– Регистрација на делегати
– Процедурален дел:
– Техничка проверка пред почетокот на Собранието
– Отварање на Собранието
– Воведен збор од Старешината
– Избор на работни тела на Собранието: Работно претседателство, Статутарна комисија
– Предлог деловник на Собранието
– Предлог дневен ред за работата на Собранието
– Други процедурални прашања

**– Работен дел:**
1. Усвојување на предлог записник од изборно собрание – декември , 2024 година
2. Презентација и усвојување на годишен извештај за работата на СИМ (наративен и финансиски извештај)
3. Презентација на годишен извештај на ИЗВИДНИК ДООЕЛ за 2024 година
4. Презентација на годишен план за работа 2025
5. Разно



По усвојување на дневниот ред беа презентирани годишниот извештај за работата на СИМ и финасискиот извештај на Сојузот на извиднци на Македонија и Извидничкиот центар Охрид кои беа едногласно прифатени од делегатите на Собранието. Потоа се презентираше глобалниот план за работа на СИМ за 2025 год. Делегацијата на извидничкиот одред Димитар Влахов – Велес ја сочинуваа: м-р Ангелче Гушев како старешина на одредот, Иван Гушев како Началник на одред и Вренцовски Александар и Валентин Јанкуловски како водачи во одред.

## Камп за лидерство и водачи на патроли










Реализирајќи го институционалниот грант од Американскиот мировен корпус заедно со волонтерот Вероника, во периодот од 11-13.04.2025год. во извидничкиот центар Голозинци во општина Чашка, извидничкиот одред "Димитар Влахов" од Велес организираше тренинг за водачи за своите членови. Овој тренинг е дел од целокупните активности со Мировниот корпус.

На тренингот се работеа следните темите кој се се работат на школата за водачи беа а тоа се:

-Завет, закони и принципи

-Извиднички метод

-Историјата на извидништвото

-Структура на СИМ / Одред

-Видови патенти, бивак и правилно подигнување на шатор

-Организирање на хајк, правилно пакување на опрема

-Основи на топографија

На школа на водачи тимот кој што ги организираше сесии го сочинуваа: Иван Гушев, Влатко Влахчев, Бојан Миклош, Давид Наумовски, Андреј Антов и Огнен Бошковски од ИПО Јадран од Скопје кој ни помогнаа во размената на одредските искуства. Покрај гостите од Скопје на тренингот учествуваа и четири членови од нашиот братски извиднички одред "Мија Станимировиќ" од Ниш, Република Србија. На тренинг кампот кои имаше и меѓународен карактер земаа учество 12 членови од нашиот одред кој воедно ќе бидат и наши идни водачи во одред. Покрај едукативниот дел на камот пет









извидници од напиуот одред работеа и на проверката на пловната опрема наменета за XXV Вардарска регата Гемиџии која ќе се одржи од 19 до 24 јуни оваа година. Интерен работен викенд во извидничкиот центар Голозинци.

## Велешките извидници втори на 52 Меморијал “Марко Граорковски“




Во периодот од 25-27 април 2025 год. во месноста Катлановска Брезница, Скопје се организираше 52 меморијал “Марко Граорковски“ во организација на извидничко поречанскиот одред “Јадран“ од Скопје.
На оваа извидничка акција учество земаа повеќе од сто извидници од Република Македонија и претставниците на извиднички одред “Димитар Влахов“ од Велес. Тие се натпреваруваа во областа на топографија и ориентацијата на непознат терен.









Учество земаа извидниците од Скопје, Прилеп, Свети Николе. Од нашиот одред земаа учество 10 извидници, со што патролата “Сусумук“ го освои второто место во категоријата извидници.
Патролата “Сусумук“ во категоријата извидници ја сочинуваа: Марија Стефановска, Тамара Димовска, Мила Коцевска, Нина Марковска. Додека пак патролата Штурци во категоријата истражувачи ја сочинуваа: Мелани Трајковска, Ели Ничовска, Љубче Неделковски и Барбара Хаџи Тонев

# Велешките извидници втори
# на јубилејниот 50ти повеќебој “Чика Драги“ во Ниш

Во периодот од 9-11 мај 2025 год. петнаесет извидници од извидничкиот одред “Димитар Влахов“ –





Велес земаа учество на традиционалниот извиднички 50ти јубилеен ориентационен повеќебој “Чика Драги“ во Ниш во организација на нашиот братски извиднички одред “Мија Станимировиќ“. На овој повеќебој учество земаа 100 извидници од Србија и Македонија. На овој повеќебој Патролата “Сусумук“ во категоријата помлади извидници кои ја сочинуваа: Марија Стефановска, Тамара Димовска, Мила Коцевска, Нина Марковска и Јована Јошевска го освоија второто место.
Додека пак патролата Торнадо во категоријата извидници ја сочинуваа: Мелани Трајковска, Анастасија Давчева, Љубче Неделковски и Барбара Хаџи Тонев. Тие го освоја петтото место.






# Финални договори за Вардарската регата 2025 на релација Велес – Солун





На 13.5.2025 год. (вторник) старешината на ИО "Д.Влахов" – Велес, м-р Ангелче Гушев и Владимир Ивановски беа во посета на Солунските извидници во нивните официјални канцеларии во Солун. Од страна на Солунските извидниците нашата одредска делегација беше примена од Василис Нтрианкос водачот на третата чета од Солун и Георгиус Бампурас старешина на Солунските извидници. Во рамките на оваа посета двете делегации поптпишаа и Меморандум за соработа со која се обврзуваме на реализација на регатата во Македонија и Грција по целото течениeто на реката Вардар. Со овој меморандум за соработка од страна на грчките скаути ја добиваме и целосната поддршка и помош при програмските активности на оваа манифестација. Договорено е да на територија на Грција учесниците на регата преноќат во Евзони и селото Акропотамос, а регата да заврши во делтата на Вардар во егејското море. Беше договорен и терминот за реализација на регатата која би требало да се одржи од 19 до 24 јуни оваа година. Беа договорени и активности помеѓу велешките извидници и извидниците во Евзони, Поликастро и Халастра

## Претставување на јубилејната XXV Вардарската регата "Гемиџии 2025" на МРТ




На 15.5.2025 год. (четврток), во рамките на утринската програма на МРТ, старешината на извиднички одред "Димитар Влахов" – Велес, имаше директно вклучување во програмата на МРТ, а поврзано со XXV Вардарска регата. Во разговорот беше образложена програмата на Вардарската регата од самиот почеток од Велес преку полигонот Криволак , па престојот во Демир капија, па префрлањето на територија на Република Грција, сместувањето во Евзони, пловењето кон Поликастро и доаѓање до Акропотамос како втор базен логор во Грција и поаѓање кон вливот на Вардар и пловењето по делтата на Вардар и излез на отворено море во Солун. Регата ќе се реализира од 19 до 24 јуни 2025 год. Во рамките на разговорот беа повикани и приватниот и државниот бизнис сектор за помош за реалзирање на регата.



## Извидниците од Велес ја прослави одредската славата Св. “Кирил и Методиј“



Извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес, почитувајќи ги основните принципи на извидничкото движење и оваа годината на 23 мај 2025 год. (петок) во извидничкиот центар “Голозинци“ ја прослави одредската слава Св. “Кирил и Методиј“ – македонски и сесловенски просветители, со што ја дополнуваме и нашата воспитно-образовна дејност како младинска организација. Овогодинешен кум на одредска слава беше Жаклина Камчева. По богослужбата на преставниците на МПЦ беше одреден и кумот за идната одредска слава, а тоа е нашиот член Цобе Камчев. Со почита кон сесловенските просветители на сите членови на одредот и наши сограѓани од православната вероисповест им посакуваме знаење, мудрост и љубов кон науката со што ќе им се помогне во борбата со задачите и предизвиците кои ги носи животот. Да биде свето името на Св. Кирил и Методиј !






## Еднодневен излет на петто одделенците од ООУ “Св.Кирил и Методиј“ во ИЦ “Голозинци“

Петто одделенците од ООУ “Св.Кирил и Методиј“ , реализираа еднодневен излет во извиднички дом “Голозинци” и брана Лисиче. Прекрасно поминат ден исполнет со многу смеа,игри и забава. Членовите на нашиот одред беа добри домакини на учениците од ООУ“Св.Кирил и Методиј“.





## Учество на промоцијата на романот “Цреша“ од Александар Сашко Кукулев



На 13.6.2025 год. (петок) во фоајето на велешкиот театар беше промовиран романот “Цреша“ од нашиот добар одредски другар Александар Сашко Кукулев. Промоцијата на романот „Цреша“ беше дел од содржините на 62 манифестација Рацинови средби. Делегација на извиднички одред “Димитар Влахов“ учествуваше на оваа промоција на роман кој е воздудливо и повеќе слојно дело, а кое се чита во еден здив и во кој е претставена драматична состојба на современо македонско семејство, кое живее со проклетството од 1922 година од Егејско. Ова би го кажал за романот пред десет дена, што како порив го имав за да ја напишам. Но по рецензиите на промоторите, је гледам поголемата слика и зборувам сосема друго. Ова е една длабоко македонска приказна за Македонија од почетокот на 20 век до ден денешен.

## Претставување на XXV Вардарска регата “Гемиџии 2025“ на АЛФА ТВ




На 16.6.2025 год. (понеделник), во рамките на утринската програма “Добро утро секое утро“ на АЛФА ТВ, старешината на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес, имаше директно вклучување во програмата на оваа телевизаија, а поврзано со XXV Вардарска регата. Во разговорот беше образложена програмата на Вардарската регата од самиот почеток од Велес преку полигонот Криволак , па престојот во Демир капија, па префрлањето на територија на Република Грција, сместувањето во Евзони, пловењето кон Поликастро и доаѓање до Акропотамос како втор базен логор во Грција и поаѓање кон вливот на Вардар и пловењето по делтата на Вардар и излез на отворено море во Солун. Регата ќе се реализира од 19 до 24 јуни 2025 год. Во рамките на разговорот беа повикани и приватниот и државниот бизнис сектор за помош за реалзирање на регата.

# Јубилејната XXV Вардарска регата “Гемиџии 2025“ повторно заврши во Солун



Во организација на извиднички одред “Димитар Влахов“ во периодот од 19 до 24 јуни педесетина уесници на Вардарската регата, 25 по ред, заполовија во Вардар. Но наместо до Гевгелија, повтор пат тие тргнаа за Солун, Репубика Грција. Ќе пловат шест дена до 24 јуни. Во Македонија се ноќеваше во Криволак, Демир Капија и Марвинци а во Грција во Евзони-Поликастро, Акропотамис и во Солун. Највозрасниот уечсник е Владо Стојановски, кој пловел по сите досега одржани 24 регати. Тоа што си го посакуваа, копнееја да стигнат до Солун, годинава треба се случи.

„Се остварува нашата најголема желба и мојата лично, како кајакар, како тренер да влезам во Егејското море преку Вардар. Мислам дека тоа ќе биде најголемото мое доживување во животот, исполнување на мојот сон. Го чекам овој момент 44 години да влезам во Егеј. Ја продолжуваме традицијата на велешките Гемиџии, на трговците кои од Велес пловеле до Солун и ја носеле нивната стока за продажба, до бродовите. Вардар има 388 км, тие последните 80 км. За прв пат ќе го почувствуваме тој момент. Очекувам дека нема да има проблеми при патувањето“ – кажа Стојановски, кој не можеше да ја сокрие возбудата што го носи ова сплаварење и со треперлив глас ги раскажуваше неговите чувства.



Како најголем проблем тој ја посочи високата температура, поради што најави дека секојдневите 8-9 часа веслање по Вардар ќе ги започнуваат уште рано наутро, но и нискиот водостој на реката Вардар. Но добиле ветување од хидроцентралите да пуштат одредено количество вода. „Секојднево ќе пловиме по 35 км од етапа. Но поради нискиот водостој тоа ќе биде бавно, но очекувам дека сите ќе издржиме до крај“ – додаде Стојановски. Помош за реализација на Вардарската регата, организаторот велешкиот извиднички одред „Димирар Влахов“, ја има од колегите, грчки извидници од Солун.



„Се оствари по втор пат сонот на многу генерации велешки гемиџии и годинава ќе пловиме до Солун. Во целост ќе пловиме како велешките Гемиџии, кои во 19 век стоката со гемии ја

дистрибуирале нивната стока до Солун. Последниот ден од пловидбата треба да влеземе во делтата на реката Вардар, што е голем предизвик. Бевме неколку пати да ја проучиме патеката, ја познаваме ситуацијата и во оваа делта каде Вардар се дели на 8 краци, водостојот е многу низок, ќе имаме помош од грчките рибари, да пловиме по вистинската патека. Треба да стасаме до Солунското пристаниште. Ќе биде тешко по делтата на Вардар оти е заштитена зона и не може да се користи возило, ако заглавиме тие 4 до 6 км мораме да ги извесламе, нема помош од механизација и возила" – кажа Ангелче Гушев, капетан „Вардарската регата 2025".

## И велешките извидници – истражувачи на Вардарската регата во Солун





На 23 и 24.6.2024 год. во извидничко поморска база Николаос Принзиос во Солун во рамките на Вардарска регата учество земаа и една патрола од десет извидници на извиднички одред "Димитар Влахов" – Велес и реализираа активности со 3-та извидничко морска група на Солун.

## Наш подиум на МРТВ посветен на XXV Вардарската регата

На 3.7.2025 год. (четврток), во рамките на програма "Наш подиум" на МРТВ, старешината на извиднички одред "Димитар Влахов" – Велес, имаше гостување во програмата на оваа телевизија, а




поврзано со XXV Вардарска регата. Во разговорот беше образложена програмата на Вардарската регата од самиот почеток од Велес преку полигонот Криволак , па престојот во Демир капија, па префрлањето на територија на Република Грција, сместувањето во Евзони, пловењето кон Поликастро и доаѓање до Акропотамос како втор базен логор во Грција и поаѓање кон вливот на Вардар и пловењето по делтата на

Вардар и излез на отворено море во Солун. Регата се реализираше од 19 до 24 јуни 2025 год.



## Учество во снимањето на емисијата “Царот на реките – Вардар“

На 7.7.2025 год.(понеделник), старешината на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес во соработка со ОХО продукцијата зема учество во снимањето на емисијата наменета за реката Вардар, насловена како “Царот на реките – Вардар“. Ве емисијата учество земаа познатите водители Ана и Лазар кои се познати од предходните, возбудливи авантури низ Македонија.





# Прв меѓународен извиднички камп Велес – Ниш – Белград, Охрид 2025




Во периодот од 22 до 31 јули 2025 г0д. во извидничкиот центар “Охрид“ во Охрид се организира првиот меѓународен камп на извидничките одреди од Велес, Ниш и Белград. Учесници се од следните одреди и тоа: извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес, извидничкиот одред “Мија Станимировиќ од Ниш и извидничките одреди “Бреза“ и “Михаљовац“ од Белград. Ова деседневно меѓународно логорување се одржува под мотото “Магичните тајни на Охридското езеро“ 2025 Целокупните активности се реализираат според серијалот на приказни на детето магионичар Хари Потер кој во целокупниот серијал се соочува со разни предизвици и склопување на пријателства.
На кампот сите 50 учесници се попделени во следните патроли: Кандерштек, Гилвел парк, Олимпија, Женева, Охрид и Јатото Вилењаци, а водно се работат следните теми: Симболичка рамка, ПРЕС конфренција (преставување на патролите, знаме, химна, вредности и задачи), магично билкарство (хербариум, препознавање на растенија), работилници на вода, вештината на говорот (јавни настапи и важноста на самодовербата). Покрај тематските денови се организираа посети на комплексот Св. Наум, градот Охрид и Струга. Водејки се од приказната на Хари Потер се организираат и следните активности: Мистерија за решавање и пронаоѓање на „волшебното стапче“, 1. Покана за авантура (прв ден) Учесниците добија писмо во старомоден стил пр.: “Млади волшебници! Охридското Езеро го крие моќното стапче на волшебникот од Охрид. За да го пронајдете, мора да ги решите загатките во наредните денови што ми останаа и да покажете дека сте достојни за магија.“ 2. Прва загатка: Златната тајна на водата.



Втора задача: Шифрирана магија Учесниците добија древен „пергамент“ со код (Цезар, 6×5, невидливо мастило итн.) што треба да го дешифрираат. Дешифрираната порака ги насочува кон следната локација. 4. Магичен напиток Во логорот има „состојки“ (нане, лимон, шеќер, прехранбена боја) и упатства за правење напиток што ја менува бојата. Откако го направија напитокот, добиваат нова порака: „Волшебниците кои знаат како да ја мешаат моќта го добиваат клучот“. 5. Тајна патека и финале: Магичното стапче Последната трага ги води до местото каде што е скриено стапчето (направено од дрво, убаво украсено). Добиваат и сертификат, значка или друга симболична награда.
Со овој извиднички камп започнуваме нова програмска определба каде што сакаме да се поврземе со сите поранешни добри извиднички соработници и одреди.



## Соработка со германските извиднички и извидници

Германскиот сојуз на извиднички и извидници Мозаик (DPBM) од 3 до 8 август 2025 год. организира интеркултурна размена на која што учество ќе зема 350 германски извидници кој ке пристигнат во село Согле, општина Чашка.






Германските извидници покрај учеството на овој камп ке посета и други места во Македонија. Извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес заедно со општина Чашка се институции кои во целост ке им ја дадат логистичката поддрпка на германските извидници.





Со овие активности велешкиот одред ги проширува програмските активности преку мегународната соработка. Старешината на одредот Ангелче Гушев заедно со членот на старешинство на одред Зоран Пановски ги посетија германските извидници и ги договорија наредните активности кои следат додека гермаските извидници се присутни на територијата на општина Чашка.







# Завршен настан со германските извиднички и извидници

На 6.8.2025 год. (среда) Германскиот сојуз на извиднички и извидници Мозаик (DPBM) го организираа завршниот настан организиран како интеркултурна размена на која што учество зема 350 германски извидници кої пристигнаа во село Согле, општина Чашка.





Одредската делегација во состав Тони Јошевски, Владимир Ивановски, Ангелче Гушев и Зоран Пановски во целост го организираа завршниот интеркултурен настан со преставување на македонската музика и фолклор. Извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес заедно со општина Чашка се институции кои во целост им ја дадоа логистичката поддршка на германските извидници креирајки го овој интернационален камп под мотото “АЈДЕ 2025“.





Со овие активности велешкиот одред ги прошири програмските активности преку мегународната соработка. Одредските претставници со присуството на овој камп во целост ги договорија наредните активности кои следат во 2026 година на територијата на општина Чашка.

# Благодарница по повод 21-ви август денот на Општина Чашка

На 21.8.2025 год. (среда) со со свечена седница започна одбележувањето  на 21-ви Август, денот на Општина Чашка. Во присуство  на Градоначалникот на Општина Велес, Марко Колев,Претседателот на совет на општина Чашка Трајче Мишковски, преставници од касарната во Велес , советниците од советот на општина Чашка, директори на локалните институции од нашата општина и Велес како и бројни гости, го одбележуваме денот на општина Чашка по 29-ти пат.



Во своето обраќање градоначалникот Стојановски напомена дека денес после скоро 8 години како прв човек  на општина Чашка, посакува искрено општината  да  продолжи да се развива со забрзано темпо како во изминатите години и да прерасне во модерна општина со комплетно урбанизирани населени места ,општина на задоволни и среќни граѓани.



Со одлука на Градоначалникот на општина Чашка по повод денот на општина Чашка  Благодарница за афирмација  на општината и поддршка преку низа општествени активности  како во општината

така и надвор од границите на општина Чашка доби и извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес. Благодарницата ја прими началникот на одредот Иван Гушев


СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЧАШКА

доделува

БЛАГОДАРНИЦА

НА

ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД
„ДИМИТАР ВЛАХОВ“ ВЕЛЕС

за поттикнување на дисциплина,
тимски дух и љубов кон природата,
и активниот придонес во заедницата
на Општина Чашка

ДАТУМ:
22 август 2025
ДЕН НА ОПШТИНА ЧАШКА

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧАШКА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
М-р ТРАЈЧЕ МИШКОСКИ



## Учество на седмата меѓународна регата Сава Наутик во Брчко



Претставниците на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес, м-р Ангелче Гушев, Владимир Ивановски и Валентин Јанкуловски во периодот од 22-24.8.2025 год. на покана на здружението ИКС центар (X centar) од Брчко Дистрихт – БиХ земаа учество на седмата меѓународна туристичка рега “Сава наутик“.На оваа меѓународна регата покрај нашето учество земаа и рафтери и регатџии од Врање, Београд, Смедерево, Земун, Стара Пазова, Стари Бановичи, Шабац и Мачванска Митровица потоа регатџии од Приједор, Жепче, Тузла, Бјелина, Мачванска Митровица, Крушевац, Тузла, Жепче, Завидовиќи, Зеница, Гуња, Рајево село и Брчко. Вкупно пет републики (Македонија, Србија, Хрватска, Босна и





Херцеговина и Република српска или седумнаесет градови од регионот. На оваа меѓународна регата се возеше на релација Лука Брчко – Српска варош – Вучиловац. Учество на овогодинешната регата Сава наутик беше договорено на годинешната Вардарска регата “Гемиџии 2025“ на која што учество земаа претставниците на здружението ИКС центар и со регата пловеа во целата нејзина должина. На оваа регата започнаа разговорите за влегување на Вардарската регата “Гемиџии“ во Балканската рафтерска федерација.

## Пет години “Генералка Викенд“ во Велес

На 25.8.2025 год. (понеделник) во Европската куќа во Велес (Europe House Veles) се одбешежа 5 години од активноста наречена “Генералка Викенд“. Беа истакнати повеќе од 100.000 херои кои ја избраа акција наместо изговори!




Нивната енергија, посветеност и борба за почиста заедница ја оживеаја преку изложба која ја раскажа приказната за петгодишниот пат на волонтерите – од првата метла, до илјадниците насмевки што го менуваат секој град. На овој настан беше поканет и началникот на извиднички одред “Димитар Влахов“, Иван Гушев



## Работна средба со извидниците од Поликастро

На 30.8.2025 год. (сабота) во Поликастро, Република Грција се одржа работна средба помеѓу претставниците од Првата извидничка чета на Поликастро и извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес, Република Македонија. На оваа средба се разговараше за големата поддршка која што ја дава Првата извидничка чета на Поликастро при реализацијата на Вардарската регата “Гемиџии“ во попследните две години при пловењето кон Солун. Беа договорени наредни активности и меѓусебни посети од двете страни на активностите кои се организираат од нашите единици. Делегацијата на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес ја сочинуваа: м-р Ангелче Гушев, Владимир Ивановски, Иван Гушев и Валентин Јанкуловски.





## 73 години – Извиднички одред “Димитар Влахов“





Во далечната 1948 година со Законот за предвојничка обука во рамките на Гимназијата “Кочо Рацин” во Велес започнуваат да се формираат првите одделенија кои што работат активности слични на нашите, извидничките. Тие одделенија се до 1952 година работат како неформални групи за да на денешен ден 8 септември во учебната 1952 / 1953 година од тие одделенија се формира извидничкиот одред “Димитар Влахов”. На 8.9.1952 год за првите седумнесетина извидници во болницата Јасеново започнува првата школа за водачи предводена од основач на одредот е  Петар

Петровски и Тодор Гравчев кој во тоа време работеле како професери во Гимназијата “Кочо Рацин“. Подготвувајки ја прославата по повод 60 години извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес, дојдовме до фотографија од првата група на членови од кои во учебната 1952/1953 година се формира одредот од Велес. Да живее извиднички одред “Димитар Влахов“. Да живее Велес, да живее Македонија !!!



## Реализирани XXXIX Средби на извидници – Велес 2025



Поповод 8ми Септември Денот на државноста на Република Македонија, а остварувајќи ја својата програма за работа извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес, ги организираше XXXIX Средби на извидници “Велес 2025“, кој се одржаа во периодот од 5 до 7.9.2025 год. во извидничкиот центар Голозинци во истоимено село. На средбите учество земаа повеќе од 120 извидници од Република Македонија (Скопје, Прилеп, Св.Николе, Куманово) и Република Србија (Ниш и Белград).



Беше постигнат следниот пласман:
I место – патрола Морнари – ИПО Галеб, Скопје
II место – Хорс – ИПО Јадран, Скопје
III место – Шмизлите на Иван – ИПО Галеб, Скопје
Помлади помлади извидници
I место – патрола Винкс – ИО Мија Станимировиќ, Ниш – Република Србија
II место – Рудолф – ИПО Јадран, Скопје
I место – патрола Морнари – ИПО Галеб, Скопје

III место – Шмизлите на Иван – ИПО Галеб, Скопје

I место – патрола Винкс – ИО Мија Станимировиќ, Ниш – Република Србија (помлади извидници)II место – Рудолф – ИПО Јадран, Скопје
Во рамките на натпреварувачкиот дел беа поделени награди и за најдобро изработени материјали, а ги добија следните извидници:
Марија Димовска ИПО “Галеб“- Најдобро изработено КРОКИ
Виктор Неделковски ИПО “Јадран“ – Најдобро изработена СКИЦА НА ДЕЛ ОД ПОМИНАТА ПАТЕКА

Нина Ѓорѓиев ИПО “Галеб“- Најдобро изработен ИЗВЕШТАЈ
Нина Блажевска ИПО “Галеб“ – Најдобро изработен ПРОФИЛ НА ТЕРЕН
Миле Божиновски ИПО “Јадран“ – Најдобро изработен ИТИНЕРЕР
Со организирањето на XXXIX Средби на извидници Велес 2025, започнува натпреварувачката мегуодредска сезона во Сојуз на извидници на Македонија. Покрај натпреварувањето во топографија и ориентација во природа се организираше и практична демонстрација на ПРВА ПОМОШ.

И оваа година извидничкиот одред “Димитар Влахов“ од Велес докажа дека има голем капацитет и знае да изорганизира големи републички акции.







## Потпишан нов договор за раководење со Младинскиот центар во Велес




На 26.05.2025 година беше потпишан нов договор за раководење со Младинскиот центар Велес помеѓу Општина Велес и Фондацијата за локален развој и демократија “Фокус“, заедно со партнер организацијата извиднички одред „Димитар Влахов“ во времетраење од три години. Со договорот се утврдуваат правата и обврските за начинот на работа и развој на центарот, чија главна цел е унапредување на младинскиот живот во Велес преку програми и активности насочени кон личен, социјален и професионален развој на младите. Како Извиднички одред, веруваме дека овој чекор повторно како досегашното работно искуство со центарот претставува голема придобивка за заедницата и нов поттик за младите да бидат активни, креативни и посилно вклучени во општеството. Со заеднички напори на општината и младинските организации, Младинскиот центар секој ден се повеќе станува вистинско место за поддршка, соработка и нови можности.

## Иницијатива за формирање на Националното собрание на млади



На 25.9.2025 год. во хотел Александар Палас во Скопје се одржа иницијативна средба за формирање на Националното собрание на млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. На средбата присуствуваа 40 младински организации, претставници на Владата, Министерството за социјална политика, демографија и млади и меѓународни организации. Како еден од претставниците беше и Началникот на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес, Иван Гушев. Оваа средба е продолжение на напорите кои НМСМ, заеднички со чадор организациите Коалиција Сега и Сојузот за младинска работа, ги спроведуваше во текот на минатата и оваа година. Целта е да се поттикне поголема имплементација на Законот за младинско учество и младински политики и да се даде можност на младите суштински да се вклучат во процесите на креирање на политики. Со присутните организации потпишаа декларација



со конкретни чекори за воспоставување функционални механизми за младинско учество. По средбата се очекува да се формира координативно тело кое ќе ги спроведе сите потребни чекори за организирање на собранието и за информирање на младинските организации и релевантните институции за улогата на ваквото тело.






Настанот е дел од проектот „Функционални механизми за младинско учество на национално ниво“, поддржан од регионалниот проект СМАРТ Балкан, финансиран од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

## Учество на ДИОН

Во периодот од 10-12.10.2025 година во селото Црешево, во близина на градот Скопје се одржа овогодинешниот Државен Извиднички Орентационен Натпревар или ДИОН. Како домаќин на овој ДИОН беше ИПО “Сидро” – Скопје. Учество земаа 18 екипи од Скопје, Штип, Свети Николе, Куманово. Од нашиот одред зема учество нашиот началник Иван Гушев, што помогна во организирањето и реализирањето на настанот.




## Работна средба помеѓу старешинството на ИО “Димитар Влахов“ и на СИМ



На 7.10.2025 год. (вторник) во Домот на НВО во Велес се одржа работна средба помеѓу старешинството на извиднички одред “Димитар Влахов“ Велес и старешинството на Сојуз на извидници на Македонија. На средбата учество зема старешината на СИМ Миќо Стојановски со членови на старешинството на СИМ и извршната канцеларија на СИМ. А од страна на извиднички одред “Димитар Влахов“ учество

земаа членовите на старешинството на одредот и надзорниот одбор на одредот. Оваа средба беше по барање на старешинството на извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес се со цел да се надминат некои недоразбирања.

На средбата се работеше по следниот дневен ред:



1. Помош и поддршка во развојот на извидничкото движење во Велес
2. Несогласување и начин на соработка помеѓу СИМ и ИО Д.Влахов
3. Отчетност на Старешинството на СИМ и УО на ИЦО Охрид
4. ИЦО Охрид – Развој и негово функционирање
5. Тековни прашања

На оваа продуктивна средба се отворија голем број на прашања кои беа во насока на развојот на извидништвото во Велес и надминување на недоразбирањата помеѓу нашиот одред и старешинството на СИМ. На оваа средба беа договорени понатамошни активности помеѓу нашите два субјекти.

## Велешките извидници – речни номади чувари на природата

Во периодот од 3-4.10.2025 год. Велешките извидници кои се нарекуваат речни номади и чувари на природата ја реализираа мини регатата преку која младите извидници станувaат лидери преку зајакнување на локалните институции и придонес во заедницата и јакнење на нивната врска со нивните конституенти и граѓаните и општествено одговорни лица во промоцијата на слободата на изразување, човековите права и интеграцијата како и двигатели на промена за слободно и одговорно инклузивно општество со акцент на развиениот рурален туризам како алатка за промоција на младите и останатите граѓани во општествените процеси во носењето на одлуки, ќе се креира простор за слободно изразување на мислењата и погледите на младите.Оваа активност која се нарекуваше Велешките извидници – речни номади чувари на природата имаа за цел да го промовира течението на реката Вардар на потегот Таорска клисура – Зелениково – Велес како еден од нај убавиот дел од реката Вардар. Во рамките на оваа пчовидба имаше 24 извидници сместени во пет чамци. Велешките извидници сакаат да ги идентификуваат и можните и потенцијалните загадувачи на реката Вардар на овој потег. Овие 34 километри воден пат за 24 извидници воедно беше и можност за спортско-рекреативни активности од типот на пливање и веслање наменето за младите извидиници. Во текот на веслањето ќе се поставaт и 15 еко табли со еколошки пораки кои треба да ја зголемат е еколошката свест на сите кои се движет по брегот на Вардар.



Велешките извидници – речни номади и чувари на природата



Велешките извидници – речни номади и чувари на природата



Велешките извидници – речни номади и чувари на природата



Велешките извидници – речни номади и чувари на природата

Оваа активност е во рамки на глобалната иницијатива Champions for Nature Challenge и проектот Green Skills Rising, Сојузот на извидници на Македонија каде се дава поддршка на млади извидници кои се подготвени да преземат локални еколошки иницијативи и да бидат двигатели на позитивна промена во своите заедници. Овој повик



имаше за цел да ги охрабри младите да иницираат мали, но влијателни акции кои ќе придонесат кон заштита на природата, практикување на одржливи решенија и унапредување на своите зелени вештини. Champions for Nature Challenge е глобална иницијатива развиена од Светската организација на извидничкото движење (WOSM) во партнерство со UNICEF. Оваа програма е дел од пошироката рамка Earth Tribe и има за цел да ги поттикне младите да станат активни учесници во заштитата на животната средина и одржливиот развој. Програмата се фокусира на две главни области: „Подобри избори“ (Better Choices), која се однесува на развој на одржливи навики и одговорна потрошувачка, и „Природа и биодиверзитет“ (Nature and Biodiversity), која се фокусира на заштита и зачувување на природните екосистеми.



Велешките извидници – речни номади чувари на природата – иницираат заштита на реката Вардар
Со реализирање на пловидбата на 4.10.2025 год. Велешките извидници кои се нарекуваат речни номади и чувари на природата ја подигнаа еколошката свест за заштита на реката Вардар преку реализацијата на мини регатата преку која младите извидници стануваат лидери преку зајакнување на локалните институции и придонес во заедницата и јакнење на нивната врска со нивните конституенти и граѓаните и општествено одговорни лица во промоцијата на слободата на изразување, човековите права и интеграцијата како и двигатели на промена за слободно и одговорно инклузивно општество со акцент на развиениот рурален туризам како алатка за промоција на младите и останатите граѓани во општествените процеси во носењето на одлуки, ќе се креира простор за слободно



Велешките извидници – речни номади и чувари на природата

изразување на мислењата и погледите на младите.
“ Во Вардар деновиве пливаат најверојатно повеќе шишиња отколку риби. Дождовите го свлечкаа отпадот од бреговите и сега го носи реката. Организаторите на вардарската регата „Гемиџии“ констатираа дека тие одамна пловат по мртва река, која одеднаш оживува кога ќе ја прејде границата со Грција. И шишињата не се единствениот проблем. Во неа има сепарации за песок, неконтролираното излевање отпадни води, црпењето вода за наводнување, диви депонии и многу друго… Прочитајте го разговорот со Ангел Гушев: https://prizma.mk/gushev-pravime-regata-po-mrtva-reka/“ Оваа активност која се нарекуваше Велешките извидници – речни номади чувари на природата имаа за цел да го промовира течението на реката Вардар и негова заштита. Со нашето пловење и нашето актуелизирање на еколошкитепроблеми порталот на ПРИЗМА ги идентификува велешките извидници за борци за здрав животна средина и заштита на реката Вардар. Велешките извидници ги идентификуваат и можните и потенцијалните загадувачи на реката Вардар на овој потег.Оваа активност е во рамки на глобалната иницијатива Champions for Nature Challenge и проектот Green Skills Rising, Сојузот на извидници на Македонија каде се дава поддршка на млади извидници кои се подготвени да преземат локални еколошки иницијативи и да бидат двигатели на позитивна промена во своите заедници. Овој повик имаше за цел да ги охрабри младите да иницираат мали, но влијателни акции кои ќе придонесат кон заштита на природата, практикување на одржливи решенија и унапредување на своите зелени вештини.



Велешките извидници – речни номади и чувари на природата

Champions for Nature Challenge е глобална иницијатива развиена од Светската организација на извидничкото движење (WOSM) во партнерство со UNICEF. Оваа програма е дел од пошироката рамка Earth Tribe и има за цел да ги поттикне младите да станат активни учесници во заштитата на животната средина и одржливиот развој. Програмата се фокусира на две главни области: „Подобри избори“ (Better Choices), која се однесува на развој на одржливи навики и одговорна потрошувачка, и „Природа и биодиверзитет“ (Nature and Biodiversity), која се фокусира на заштита и зачувување на природните екосистеми.

## Пловидба по повод 9ти Ноември – денот на ослободување на Велес





По повод 9ти Ноември, денот на ослободување на град Велес – 81 година слободен Велес, постарите членови на извиднички одред “Димитар Влахов“ и Варадрска регата “Гемиџии“ од Велес

го реализираа првото есенско спуштање по Вардар во чест на празникот на градот. Оваа есенска пловидба се реализираше на 9.11.2025 год. (недела) на потегот на течение на река Вардар (регион на Зелениково) – Велес. Се надеваме дека оваа активност ќе биде постане и традиционална активност по повод ослободувањето на Велес. Сите учесници на ова есенско спуштање положија и свежо цвеќе на споменикот на Гемиџиите во Велес.
Оваа активност се искористи како дел за постарите извидници во еколошката и ицијатива која се нарекуваше Велешките извидници – речни номади чувари на природата имаа за цел да го промовира течението на реката Вардар и негова заштита. Со нашето пловење и нашето актуелизирање на еколошкитепроблеми порталот на ПРИЗМА ги идентификува велешките извидници за борци за здрав животна средина и заштита на реката Вардар. Велешките извидници ги идентификуваат и можните и потенцијалните загадувачи на реката Вардар на овој потег. Оваа активност е во рамки на глобалната иницијатива Champions for Nature Challenge и проектот Green Skills Rising, Сојузот на извидници на Македонија каде се дава поддршка на млади извидници кои се подготвени да преземат локални еколошки иницијативи и да бидат двигатели на позитивна промена во своите заедници. Овој повик имаше за цел да ги охрабри младите да иницираат мали, но влијателни акции кои ќе придонесат кон заштита на природата, практикување на одржливи решенија и унапредување на своите зелени вештини.



Champions for Nature Challenge е глобална иницијатива развиена од Светската организација на извидничкото движење (WOSM) во партнерство со UNICEF. Оваа програма е дел од поширокота рамка Earth Tribe и има за цел да ги поттикне младите да станат активни учесници во заштитата на животната средина и одржливиот развој. Програмата се фокусира на две главни области: „Подобри избори“ (Better Choices), која се однесува на развој на одржливи навики и одговорна потрошувачка, и „Природа и биодиверзитет“ (Nature and Biodiversity), која се фокусира на заштита и зачувување на природните екосистеми.

## Учество на прославата по повод 70 години ИПО “Галеб“ од Скопје




На 16.11.2025 год. (сабота) во просторот на кино “Фросина“ во комплексот на МКЦ во Скопје делегација на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес составена од нашиот началник Иван Гушев, Љупче Неделковски, Марија Стефановска, Тамара



Димовска и Анастасија Давчева беше дел од свечената академија по повот 70 години постоење на извидничкиот поречански одред "Галеб" – Скопје. На свечената академија беше представена 70 годишната историја на одредот, сите досегашни организирани активности и беше представена нивната стретегија за раст на одредот. И исто така беа доделени благодарници за соработка на сите одреди во Македонија, вклучувајќи го и нашиот одред. Честитки до ИПО "Галеб" – Скопје и успешна соработка и во иднина.

## Учество на јавните расправи по нацрт програмите за 2026

На 19.12.2025 год. во Општина Велес се одржаа јавни расправи по нацрт програмите за 2026 година на кои сите присутни имаа прилика да ги кажат своите предлози и мислења. Согласно можностите сите забелешки во периодот кој следува ќе се вградат во предлог програмите за наредната година.
На јавните расправи учество зема и старешината на извиднички одред "Димитар Влахов" – Велес, м-р Ангелче Гушев.





Непосредната комуникација со граѓаните на Велес е многу важна, зашто само заедно може да се креира добробитот за сите нас.





## Велешките извидници на Боренка во Гоцева шума




На 24.11.2025 год. (понеделник) во регионот на Гоцева шума, Неготинско се одржа 25та волонтерска акција за пошумување на опожарени подрачја – Боренка.
Ова пошумување беше подржано од страна на комапанијата Триглав осигурување. Исто така на

истотото пошумување се засадија преку 4000 садници на багрем, јасен и јавор. На овој настан учествуваа членовите на нашиот одред односно: нашиот началник Иван Гушев, Љупче Неделковски, Тамара Димовска и Марија Стефановска.

## Велешките извидници учесници на манифестацијата Боренка на Светскиот ден на волонтери

На 5 Декември 2025 год. (петок) на Светски ден на волонтерите беше најмоќниот завршеток на оваа Боренка сезона. На оваа последната акција за оваа година во Гоцева Шума, учествуваа 230 волонтери од сите региони на Македонија заедно садеа, создаваа и инспирираа.





Членовите на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес учествуваа со десет извидници На оваа акција се приклучија волонтери од Црна Гора, Босна и Херцеговина, како и припадници на Армијата на Република Македонија, кои со својата поддршка и енергија придонесоа за уште посилно финале. Акцијата Боренка, во организација на Национални шуми и Сојуз на извидници на Македонија, покажа колку е силна заедницата кога се обединува околу една цел – обновување на природата. Пошумувањето беше спроведено со поддршка од проектот GEF6 – Одржливо управување со земјиштето, Министерството за животна средина и просторно планирање и UN Environment Programme. Со стотици нови садници, илјадници часови волонтирање се затвори оваа Боренка сезона горди на заедничкиот придонес.

## Вардарската регата “Гемиџии“ очекува прием во Балканската Рафтинг Федерација




Извидничкиот одред “Димитар Влахов“ – Велес ги започна разговорите за влез и приклучување на Вардарската регата “Гемиџии“ во Балканската Рафтинг Федерација. Во месец јануари 2026 година на последниот договрен состанок се очекува

XXVI Вардарската регата “Гемиџии“ 2026 година влезе во календарот на Балкански регата. Со ова докажавме како организација и Општина Велес дека Вардарската рега “Гемиџии“ станува бренд и туристичка атракција во Република Македонија и Балканот. Варадарската регата “Гемиџии“ 2026 оваа година се планира да се организира во периодот од 18 до 23 јуни 2026 год и тоа повторно на релација Велес – Солун.

## Учество на одредската слава на ИПО “Јадран“ – Св.Климент



Старешината и началникот на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес на покана на старешината на ИПО “Јадран“ од Скопје земаа учество на одредската слава на извидничко поречанскиот одред “Јадран“ од Скопје. Славата се одржа во извидничкиот дом в о село Катлановска Брезица на 8.12.2025 год. На нашите браќа извидници им посакуваме уште многу години во здравје и среќа ја чествуваат славата Св. Климент.



## Учество на работилница “Еко муабети“

На ден 11.12.2025 год. (четврток) успешно се одржа работилницата „Еко Муабети“, организирана од еко-одборот на гимназијата „Кочо Рацин“ – Велес и групата средношколци „Зелени Борци“. На настанот учествуваа претставници од „Зелена Народна Стража“, извидничкиот одред „Димитар Влахов“, како и ученици и професори од гимназијата „Кочо Рацин“ – Велес и ученици од ДСУ „Коле



Неделковски“ – Велес. Настанот го водеше Михаил Здравковски кои воедно е и член на извиднички одред “Димитар Влахов“, кој се погрижи за динамична и пријатна атмосфера, а целиот настан беше фотографски документиран од Љубе Лазов, чиј објектив ги овековечи најубавите моменти од работилницата. Покрај него учество земаа и нашите членови Иван Гушев и Љупче Неделковски. Работилницата започна со претставување на целите и правилата за работа, по што следеше кратка интерактивна игра за запознавање и поттикнување на тимски дух. Потоа преминавме на дискусија, каде учесниците разменија мислења за екологијата, еколошките предизвици во Велес, односот кон природата и начините на кои секој поединец може да придонесе за чиста и здрава средина. По кратката

пауза, учениците поделени во групи снимаа кратки видеа посветени на различни „еко навики“ во секојдневниот живот. Работилницата ја заокружи Андреј Божиновски со едукативната игра „Погоди која земја“, во која групите ученици одговараа на прашања така што ги креваа знамињата на државите што ги сметаа за точен одговор. Овој настан уште еднаш покажа дека кај младите постои силна мотивација и искрена желба за создавање позелена, почиста и поодговорна заедница. Нивната енергија, креативност и подготвеност за делување се најдобриот доказ дека иднината може да биде поодржлива – доколку продолжиме да учиме, да соработуваме и да се бориме заедно.

## Собирање на семе за садници за наредната сезона на Боренка



На 15.12.2025год. во околината на Градско, нашиот член и воедно началник на одред Иван Гушев заедно со волонтерите од СИМ учествуваше во берење на семе од багрем. Целта на берењето на овие семиња е за создавање на нови садници кој се користат во наредната година на пошумувањата организираме од страната на проектот за пошумување на опожарени подрачја – Боренка. Учесници на бербата собра поголема количина на семенски материјал (семе).





# Предновогодиншна волонтерска забава

На 26.12.2025год. (петок) во просториите на Младиснкиот Центар Матично во Скопје, се одржа традиционалната предновогодиншна волонтерска забава организирана од страна на Сојуз на извидници на Македонија . На оваа забава имаше гости од страна на секој одред во државава, а воедно од нашиот одред учество земаа 15 членови.





Старешина на извиднички одред “Димитар Влахов“ – Велес
м-р Ангелче Гушев